Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

RURAL REVIVAL

ПРОЕКТ:

**Зголемување на конкурентноста на регионалниот туризам преку поддршка на развојот на руралниот и културниот туризам во прекуграничниот регион на Бугарија и Македонија**

## РУРАЛНА ПРЕРОДБА

МАРШУТА

# МОКРИНО - СМОЛАРЕ - БАРБАРЕВО - СТИНИК

Оваа маршута ви дава можност да ги видете природните убавини на Беласица, планина богата со многубројни водопади и извори, но и со историја и славната Беласичка битка. Втората планина во маршутата Огражден ви ја нуди автентичната селска архитектура на македонските планински села од пред стотина години. Маршутата е добра за луѓе кои ја сакаат природата, но и луѓе кои ја сакаат старата селска архитектура. Потребно е за оваа рута да се биде во добра физичка кондиција.

ЕВРОПСКА УНИЈА

Проектот е кофинансиран од Европската Унија преку ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка Бугарија - Македонија



## МОКРИНО

Мокрино се наоѓа на планината Беласица на надморска височина од 370 метри. Селото припаѓа на Општина Ново Село, а е оддалечено на 22 км од Струмица. Селото е дел од т.н. подгорски села или подгорија, и е на само неколку километри од границите со Бугарија и Грција.

Селото е познато и по настаните кои се случиле за време на Беласичката битка на 29 јули 1014 година. Историчарите веруваат дека помеѓу денешните села Мокрино и Мокриево, се случила решавачката битка помеѓу војските на Цар Самуил и византискиот цар, Василиј II. По пробивањето на одбраната на тврдината од страна на византиската војска, македонските војници се разбегале и се вдале во панично бегство, но биле пристигнати од византиската војска кај Мокрино и тука дошло до битка, во која војската на Цар Самуил била катастрофално поразена. Селото Мокрино има неколку куќи со стара селска струмичка архитектура, кои ни даваат претстава како селото изгледало во минатото. Селото има неколку локалитети, кои претставуваат туристички потенцијал. Тука пред се мислиме на Мокринските извори, црквата „Свети Константин и Елена“ и локалитетот „Пирго“.

Ја продолжуваме нашата тура кон соседното село Смоларе, кој е на 5 км оддалеченост и по кој води нов асфалтиран пат. За цело време на патувањето од двете страни на патот, ќе може да ја гледате прекрасната природа на планината Беласица.



## СМОЛАРЕ

Смоларе се наоѓа во подножјето на планината Беласица на надморска височина од 360 метри. Селото припаѓа на Општина Ново Село, оддалечено е 26 км од Струмица, а само 9 км од граничниот премин „Ново Село“.

Низ селото поминува реката Ломница, која се влева во реката Струмица, која е дел од егејското сливно подрачје. Селото е познато во цела Македонија и пошироко по Смоларскиот водопад (39,5 м), кој е најголем постојан водопад во Република Македонија. Истиот претставува огромен туристички потенцијал и привлекува голем број на туристи. Смоларскиот водопад се наоѓа над селото Смоларе, а за да се стигне до водопадот треба да се искачат 300 скалила. Водопадот е формиран на реката Ломница на планината Беласица на надморска височина од 630 метри.

Селото располага и со два прекрасни ресторана. Едниот ресторан „Лебедово Езеро“ е пред почетокот на селото, со над стотина столови и со мало езерце во средината. Вториот ресторан „Атлантис“ е помеѓу селото и Смоларскиот водопад и идеално е вклопен во амбиентот на шумата



## БАРБАРЕВО

Патот го продолжуваме од Смоларе преку Ново Село, кое е седиште на општината, кон селото Барбарево, кое е оддалечено на 12 км.

По пат се поминува покрај браната „Новоселка“. Барбарево се наоѓа на планината Огражден на надморска височина од 840 метри. Барбарево или Барбарово припаѓа на Општина Ново Село, од општинскиот центар е оддалечено на 6 километри, а од Струмица 27 километри. Низ селото тече мала река што го дели селото на два дела: источно и западно маало. Во атарот на селото се наоѓа населба од римскиот период „Црвено Поле“.

На Црвено Поле во 1905 година се одржал и конгресот на ВМРО на струмичкиот револуционерен округ. Интересно да се спомне е дека црквата “Св. Атанас“, која е подигната во 1870 година, била градена ноќе, бидејќи Турците во тој период ја попречувале градбата на црквата додека било дење. Во тремот на црквата се наоѓа црковното звоно, кое е изработено во 1931 година.



## СТИНИК

Движејќи се од Барбарево до Стиник ќе поминете низ споменатиот локалитет „Црвено Поле“ и низ ридовите на планината Огражден. Стиник се наоѓа на планината Огражден на надморска височина од 800 метри. Селото се наоѓа во Општина Ново Село и до него се доаѓа преку Барбарево по асфалтен пат, но делот од Барбарево до Стиник е неасфалтиран во должина од околу 3 километри. Селото е од разбиен тип и куќите се изградени на неколкуте ридови. Селската црква „Св. Спас“ е изградена 1860 година. Дел од иконите се насликани од познатиот струмички зограф Григориј Пецанов во 1898 година. Во тремот на црквата се наоѓа звоно од 1901 година.

**Сместувачки капацитети:**

- Лебедово Езеро – Смолари
- Приватен смештај во неколку куќи во Смоларе

**Културен календар:**

- Селска слава во Мокрино е 3 јуни, кога се празнува во чест на „Свети Константин и Елена“
- Илинденски средби на 2 август на Мокринските извори
- Селска слава во Смоларе е за празникот „Св. Троица“
- Селска слава во Барбарево е за празникот „Св.Атанас“
- Селска слава во Стиник е за празникот „Св.Спас“

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**ПРОЕКТНИ ПАРТНЕРИ**

PROMOIDEA
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION

**Здружение Центар за развој и промоција „Промо Идеа“ - Струмица**

ул. „Братство единство“ бр. 8-13
2400 Струмица, Република Македонија
Тел: +389 34 612 697
contact@promoidea.org.mk • www.promoidea.org.mk

ASSOCIATION SAVREMIE
www.savremie.org

**Здружение „Савремие“ - Сандански**

ул. „Кирил и Методиј“ бр. 5
2800 Благоевград, Република Бугарија
Тел: +359 876882050
savremie@yahoo.com

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружение Центар за развој и промоција „Промо Идеа“ - Струмица и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

RURAL
REVIVAL

PROJECT:

**Raising the competiti veness of regional tourism by supporting the development of rural and cultural tourism in the cross-border area of Bulgaria and Macedonia**

**RURAL REVIVAL**

ROUTE

## MOKRINO - SMOLARE - BARBAREVO - STINIK

This route gives you an opportunity to see the natural beauties of Belasica, a mountain reach with numerous waterfalls and springs, but also with history and the famous Battle of Belasica. The second mountain in the route is Ograzhden, offering an authentic rural architecture of the Macedonian mountainous villages from a hundred years ago. This route is good for nature lovers, but also for people who like the archaic rural architecture.It is necessary to be in good physical condition for this route.

EUROPEAN UNION
The project is co-funded by EU through the Interreg-IPA
Cross-Border Cooperation Programme Bulgaria - Macedonia Programme



## MOKRINO

The village of Mokrino is located on the mountain Belasica at an altitude of 370 meters. The village belongs to the Municipality of Novo Selo and is 22 km from Strumica. This village is part of the so-called under-mountain villages or foot of the mountain, and is only a few kilometers away from the borders of Bulgaria and Greece.

The village is famous for the events that happened here during the Battle of Belasica on 29th of July, 1014. The historians believe that the decisive battle among the armies of Tzar Samuil and the Byzantium tzar, Vasilij II, occurred between today's villages Mokrino and Mokrievo. After the Byzantium army brokethe defence of the hill, the Macedonian soldiers scattered and gave into a panic escape, but were later caught by the Byzantium army in Mokrino and here the battle occurred, in which the army of Tzar Samuil was catastrophically defeated. The village of Mokrino has a few houses with oldrural Strumician architecture, which gives us an idea of what the village looked like in the past. Above all, here we are referring to the Mokrino Springs, the church "St. Constantine and Elena" and the locality "Pirgo".

We continue our tour to the neighbouring village Smolare, which is 5 km away and leads a new asphalt road. For the whole duration of the trip from both sides of the road, you may admire the wonderful nature of the mountain Belasica



## SMOLARE

Smolare is located at the foot of the mountain Belasica at an altitude of 360 meters. Thevillagebelongstothe Municipality of Novo Selo, on a distance of 26 km from Strumica, and only 9 km away from the border crossing „Novo Selo".

The river Lomnica passes through the village, which flows into the river Strumica, part of the Aegean catchment area. The village is known all over Macedonia and farther, after the Smolare Waterfall (39.5m), which is the largest constant waterfall in Republic of Macedonia. The waterfall represents an enormous tourist potential and attracts a large number of visitors. The Smolare waterfall is located above the village Smolare, and to get to the waterfall you need to climb 300 steps. The waterfall was founded on the river Lomnica, on the mountain Belasica, at an altitude of 630 meters.

The village has two beautiful restaurants too. One of them – "LebedovoEzero", is at the beginning of the village, with more than one hundred chairs and a small lake in the middle. The second restaurant "Atlantis", is among the village and the Smolare Waterfall, ideally integrated into the forest ambience



## BARBAREVO

We continue our route from Smolare through Novo Selo, which is the residence of the municipality, towards the village Barbarevo, which is 12 km away.

On the way, the dam "Novoselka" is passed by. Barbarevo is located on the mountain Ograzhden at an altitude of 840 meters. Barbarevo or Barbarovois, part of Municipality of Novo Selo, 6 km away from the Municipal center and 27 km from Strumica. A small river flows through the village, which separates it in 2 parts: east and west neighborhoods. In the area of the village is a settlement from the Roman period called "Crveno Pole".

On Crveno Pole in 1905, was held the congress of VMRO of the Strumica revolutionary circle. It is interesting to mention that the church "St. Atanas", raised in 1870 was built at nighttime, because the Turks in that period hindered the building of the church while it was daytime. In the porch of the church was the church bell, made in 1931.



## STINIK

Moving from Barbarevo to Stinik, you will pass through the mentioned locality "Crveno Pole" and through the hills of the mountain Ograzhden. Stinik is located on the mountain of Ograzhden at an altitude of 800 meters. It is part of the Municipality of Novo Selo and you can get to it by passing Barbarevo on an asphalt road, but the part from Barbarevo to Stinik (around 3 km) is not asphalted. The village is of as cattered type and the houses are built on several hills. The village church "St. Spas" was built in 1860. Part of the icons are painted by the famous Strumica painter Grigorij Pecanov in 1898. In the porch of the church, there is a bell from 1901.

**Accommodation capacities:**

- Lebedovo Ezero – Smolari
- Private accommodation in few houses in Smolare

**Culture calendar:**

- Village celebration in Mokrino is on 3rd of June, in honor of "St. Constantine and Elena"
- "Ilinden meetings" on 2nd of August, on the Mokrino Springs
- The holiday "St. Troica" is celebrated in Smolare
- The holiday "St. Atanas" is celebrated in Barbarevo
- The holiday "St. Spas" is celebrated in the village Stinik

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**PROJECT PARTNERS**

PROMOIDEA
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION

**Association Center for development and promotion "Promo Idea" - Strumica**

str. „Bratstvo edinstvo" no. 8-13
2400 Strumica, Republic of Macedonia
Tel: +389 34 612 697
contact@promoidea.org.mk • www.promoidea.org.mk

ASSOCIATION SAVREMIE
www.savremie.org

**Association "Savremie" - Sandanski**

str. "Cyrill and Methodius" no. 5
2800 Blagoevgrad, Republic of Bulgaria
Tel: +359 876882050
savremie@yahoo.com

This publication has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication is the sole responsibility of Association Center for development and promotion "Promo Idea" - Strumica and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.